# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-1803/2

Скопје 13.04.2023 г.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-1803/1 од 10.04.2023 година, поднесено од барателот на информација Институт за европска политика - Скопје, со седиште на [illegible] на ден 12.04.2023 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-1803/1 од 10.04.2023 година, поднесено од барателот на информација Институт за европска политика - Скопје, со седиште на [illegible] со кое се бараат следните информации од јавен карактер, и тоа:

Дали за временскиот период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година:

- имате констатирано напад на новинари/и?
- имате констатирано говор на омраза?

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, и тоа:

2.1. Дали за временскиот период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година имате констатирано напад на новинари/и?

Во период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во осум наврати реагираше за недозволено и недолично однесување кон новинари, и тоа:

- на 11 јануари, во врска со спречувањето на новинарските екипи на „Радио Лидер“ и на „Курир“ да ја проследат посетата на владини претставници на фабриката „Пекабеско”, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потсети дека попречувањето на работата на новинарите претставува загрозување на слободата и правото на информирање.

Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/archives/88118;

- на 16 јануари, Агенцијата најостро ги осуди заканите упатени кон вработените во телевизија Канал 5 од страна на физичко лице на социјалната мрежа „Фејсбук“.

Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/archives/88152;

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

- на 16 јануари, најостро беше осудена изјавата на претседателот на ДУИ Али Ахмети со која телевизиите Телма и Алфа ги етикетираше како непријатели на Албанците.
Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/archives/88156;
- на 17 јануари, Агенцијата остро реагираше на етикетирањето на уредувачката политика на одредени медиуми од страна на премиерот Димитар Ковачевски и потенцираше дека носителите на јавни функции треба да се воздржат од искажување лични, субјективни ставови со кои се поткопува слободата на медиумите.
Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/archives/88171;
- на 2 февруари, преку соопштение за јавност Агенцијата информираше дека го смета за апсолутно неприфатлив недоличниот однос на министерот за економија Крешник Бектеши, кон новинарката на ТВ Канал 5, Катерина Капковска, за време на прес конференцијата на Министерството за економија.
Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/archives/88577;
- на 2 февруари, во врска со недоличниот однос на министерот за економија Крешник Бектеши, кон новинар на ТВ Телма, за време на прес конференцијата на Министерството, Агенцијата уште еднаш потенцираше дека упатувањето навреди и омаловажувања кон новинари се апсолутно недозволиви.
Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/archives/88592;
- на 4 февруари, беше осуден селективниот пристап на Владата за акредитирање на дел од медиумите за следење на настанот на кој се одбележа 151-та годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев.
Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/archives/88628; и
- на 14 февруари, во врска со недоличните зборови на пратеникот Димитар Апасиев упатени кон новинарот Љупчо Златев на социјалната мрежа „Фејсбук", Агенцијата потенцираше дека носителите на јавни функции треба да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и на достоинството на медиумските работници.
Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/archives/88813.

2.2. Дали за временскиот период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година имате констатирано говор на омраза?

Во периодот од 01.01.2023 до 31.03.2023 година, од страна на Агенцијата, на програмите на радиодифузерите нема констатирано говор на омраза за чие ширење би бил одговорен медиумот, ниту разгледувала претставки во тој контекст. Потсетуваме дека Агенцијата, како регулаторно тело кое врши програмски надзор според одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, има надлежност само врз програмите на давателите на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, односно на радиодифузерите (радио и телевизија) и аудиовизуелните медиумски услуги по барање. Надзорот врз евентуалната појава на говорот на омраза се врши како вонреден надзор кој се презема или врз основа на претставка или по службена должност. Извештаите од надзорите за ова прашање, кои се спроведени врз основа на поднесена претставка Агенцијата ги објавува на својата веб страна, на https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата како имател на информации, од барателот на информација [redacted], со седиште на [redacted], поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-1803/1 од 10.04.2023 година, со кое се бараат

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

информации од јавен карактер кои се наведени во точка 1 на диспозитивот на ова Решение.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации, кои се наведени во точка 2 од диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

______________________
Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

______________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.